


**Сите кандидати за пратеници на ВМРО-ДПМНЕ – над 95% се нови имиња на листите**

Носителите на листи на ВМРО-ДПМНЕ се микс помеѓу докажани политичари без црна дамка и нови лица во политиката докажани професионалци во својата сфера на работа. Реакциите на јавноста се одлични и позитивни откако и официјално беа објавени кандидатите и носителите на листи на ВМРО-ДПМНЕ.

Носител на изборната листа на ВМРО-ДПМНЕ во изборната единица еден е професорката Гордана Силјановска Давкова, почитуван професор на правниот факултет Јустиниан Први при Универзитетот Свети Кирил и Методи која одлично беше прифатена и како претседателски кандидат.

-Др.Гордана Силјановска – Давкова важи за еден од најреномираните професори по уставно право и политички систем. Зборува повеќе јазици, има предавано на повеќе светски универзитети.Силјановска беше и министер во периодот 1992-1994 година, еден од членовите на Уставната комисија на Собранието на Р.Македонија, ексрет на Женевската група за заштита на човековите права и слободи, експерт на Обединетите Нации. Таа е редовен професор на правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ.

**Во изборната единица број 1, Централниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ ја утврди следнава листа на кандидати за пратеници:**

1. д-р Гордана Сиљаноска Давкова од Центар,
2. д-р Тимчо Муцунски од Центар,
3. д-р Синиша Стојановски од Аеродром,
4. м-р Бети Стаменковска Трајковска од Кисела Вода,
5. коалиција,
6. коалиција,
7. д-р Велика Стојкова Серафимовска од Центар,
8. Тони Јаревски од Карпош,
9. Сафет Бишевац од Студеничани,
10. Весна Марковска од Аеродром,
11. Игор Никовски од Кисела Вода,
12. Ружица Николовска од Карпош,
13. Коалиција,
14. Влатко Мојсовски од Македонски Брод,
15. Јасмина Паметковска од Сопиште,
16. Мартин Стојановски од Сарај,
17. Филип Ѓорѓиев од Центар,
18. Тамара Михајловска од Аеродром,
19. Сергеј Попов од Центар и
20. Бисера Златеска од Македонски Брод.

Носител на изборната листа во изборната единица број два на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Владо Мисајловски млад политичар без ниту една црна дамка во својата кариера, напротив со низа на успеси како министер за транспорт и врски во претходната Влада на ВМРО-ДПМНЕ, човек кој важи дека има огромна поддршка од страна на партиската база.

-Владо Мисајловски е поранешен министер за транспорт и врски на Република

Македонија, функцијата ја извршува од 13 мај 2015 година до 1 јуни 2017 година. Мисајловски е долгогодишен член на ВМРО-ДПМНЕ и потпретседател на УМС на ВМРО-ДПМНЕ во период од 2011 до 2013 година. Мисајловски ги извршувал и функциите: Државен секретар во Министерството за надворешни работи, Државен секретар во Министерството за транспорт и врски и директор на ЈП Државни патишта.

**Во изборната единица број 2, Централниот комитет ја утврди следнава листа на кандидати за пратеници:**

1. Владо Мисајловски од Ѓорче Петров,
2. д-р Рашела Мизрахи од Карпош,
3. Бране Петрушевски од Куманово,
4. коалиција,
5. Жаклина Пешевска од Гази Баба,
6. Дарко Костовски од Бутел,
7. Бојан Стојановски од Ѓорче Петров,
8. Зоран Коцевски од Гази Баба,
9. Емилија Ангелова од Чаир,
10. Кети Димковска од Куманово,
11. коалиција,
12. Зоран Бајовски од Чучер Сандево,
13. Ерџан Демири од Шуто Оризари,
14. Дијана Илиевска од Гази Баба,
15. Мартин Стефановски од Старо Нагоричане,
16. Игор Атанасовски од Гази Баба,
17. Борче Илиевски од Бутел,
18. Искра Крстевска од Чаир,
19. Наташа Манкиновска од Ѓорче Петров и
20. Тихомир Алексовски од Куманово.

Во третата изборна единица борбата помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ ќе водат двајцата генерални секретари на партиите. Игор Јанушев ќе е носителот на ВМРО-ДПМНЕ во тројка. Јанушев има огромно политичко искуство со оглед на неговите години и ужива голема поддршка од партиската база.

-Игор Јанушев е член на ВМРО-ДПМНЕ од 1998 година. Во периодот од 2000 до 2005 година е Секретар на УМС на ВМРО-ДПМНЕ во Велес. Од 2005 станува член на Правната комисија на ВМРО-ДПМНЕ, позиција која ја задржува се до 2009 година. Во

2017 година е избран за член на Комисијата за градежништво, урбанизам и транспорт. Јанушев дипломира на Правниот факултет во Скопје, во 2006 година. Член е на регионалните изборни штабови за ИЕ 4 за изборите во 2008, 2009, 2011, 2014 и 2016 година. Потсекретар на ВМРО-ДПМНЕ за локалните избори во 2017 година е за Општинските комитети Штип, Пробиштип, Лозово, Карбинци и Илинден. Во период од 2015 до 2017 година ја извршува функцијата директор на ЈСП – Скопје, пред тоа работи во Министерството за Транспорт и врски.

**Во изборната единица број 3, Централниот комитет ја утврди следнава листа на кандидати за пратеници:**

1. Игор Јанушев од Велес,
2. Иван Јорданов од Штип,
3. Благица Ласовска од Свети Николе,
4. д-р Иванка Василевска од Скопје,
5. коалиција,
6. Игор Здравковски од Велес,
7. Миле Лефков од Кочани,
8. Никола Мицевски од Штип,
9. Даниела Христова од Виница,
10. Марија Петрушевска од Петровец,
11. Драган Ковачки од Делчево,
12. Јохан Тарчуловски од Скопје,
13. Весна Ничева од Штип,
14. Анри Андоновски од Крива Паланка,
15. д-р Марјан Миленковски од Пробиштип,
16. Цветанка Каракашева од Пехчево,
17. Верче Мицевска од Илинден,
18. Христина Смилевска од Делчево,
19. Киро Нацков од Градско и
20. Лидија Анакиева од Зрновци.

Носител во четворка од редовите на ВМРО-ДПМНЕ ќе потпретседателот на партијата, Александар Николовски. Николовски од сите кандидати на ВМРО-ДПМНЕ има најголемо искуство во политиката, важи за еден од мостовите на партиајта за меѓународна соработка, а во својата долгогодишна политичка кариера нема ниту еден скандал зад себе.

-Александар Николоски е долгогодишен член на ВМРО-ДПМНЕ и пратеник во повеќе мандати. Николоски е претседател на УМС на ВМРО-ДПМНЕ во период од 2004 до 2008 година. Во период од 2004 до 2013 е член на ИК на ВМРО-ДПМНЕ, на оваа функција повторно е избран во 2017 година. Николоски во 2009 година станува член на Парламентарното Собрание на Советот на Европа, а во 2014 година е избран за прв потпретседател на Мониторинг комитетот при Советот на Европа. Тој е именуван за меѓународен секретар на ВМРО-ДПМНЕ во 2015 година.

**Во изборната единица број 4, Централниот комитет ја утврди следнава листа на кандидати за пратеници:**

1. Александар Николовски од Охрид,
2. Ане Лашкоска од Прилеп,
3. Дајанчо Ефтимов од Василево,
4. Ели Панова од Струмица,
5. Зоран Јованчев од Кавaрадци,
6. Петар Ристески од Прилеп,
7. Здравко Трајанов од Радовиш,
8. Ангелина Петкова од Гевгелија,
9. Златко Пенков од Неготино,
10. Јадранка Поцкова од Струмица,
11. коалиција,
12. коалиција,
13. Дејан Бошков од Валандово,
14. Ирена Стерјоска Локвенец од Прилеп,
15. Слободан Ивановски од Кавадарци,
16. Димитар Лазаревски од Могила,
17. Катерина Мојсоска од Кривогаштани,
18. Златко Темелковски од Кукуречани,
19. Владимир Ристов од Струмица и
20. Александра Свајќароска од Прилеп.

Носител во петката ќе оперскиот пеач Игор Дурловски. Човек кој зад себе има 10-тици меѓународни признанија од обласа на оперската музика и е обожуван од народот, но и почитуван од своите колеги. По потекло тој е од Битола, па токму поради оваа причина тој е носител во петка која што важи за една од најнесигурните изборни единици, односно изборна единица која го дава победникот на изборите.

-Игор Дурловски (роден 1977 во Битола) е македонски оперски пејач. Студирал на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. Биљана Јовановска Јакимовска, се усовршувал во Камерното Студио на Оливера Милјаковиќ во Виена. Биографијата на Игор Дурловски бележи и концерднти изведби на грандиозни дела како Бетовеновата Деветта симфонија, Моцартовиот Реквием, Вердиевиот и Моцартовиот Реквием, 14-та Симфонија на Шостакович, Радомировиот Псалтир на Димитрије Бужаровски, ораториумот Клименту од Властимир Николовски, Симфонијата Зима од Ристо Аврамовски и други. Забележливи се и неговите гостувања на реномираниот фестивали Охридско лето. Тој е познат во оперските куќи меѓу кои: Wiener Cammeroper, Wiener Concert House, Оперската куќа во Мунстер, Националната опера и театар во Сараево, Хрватскиот Народен Театар во Загреб, Осиек и Риека, Тиранската Опера, Битолската Опера и други. Соработувал со Wienna Residence Orchestra, Источно-западниот симфониски оркестар, Белградската филхармонија, Софиската филхармонија, Ансамблот за современа музика „Алеа“. Во моментов живее во Германија а до 2004 година се усовршува кај своевремено најпознатиот светски бас Бугаринот Николај Ѓауров.

**Во изборната единица број 5, Централниот комитет ја утврди следнава листа на кандидати за пратеници:**

1. Игор Дурловски од Битола,
2. Антонио Милошоски од Кичево,
3. д-р Силвана Ангелевска од Битола,
4. д-р Кирил Пецаков од Охрид,
5. Јован Јаулески од Струга,
6. Олга Лозановска од Битола,
7. Ѓорѓија Сајковски од Кичево,
8. Лидија Петкоска од Охрид,
9. Мирче Аџиовски од Струга,
10. Грација Бакрачевска од Охрид,
11. Бајрам Требишки од Маврово-Ростуше,
12. Бобан Бојковски од Битола,
13. Билјана Проеска од Крушево,
14. Тасин Ибраим,
15. Никола Најденовски од Демир Хисар,
16. Олгица Божиновска од Кичево,
17. Ѓорѓи Влајкиновски од Вевчани,
18. Алмедин Шаиновски од Дебар,
19. Жанета Савевска од Ресен и
20. Сандра Пејковска од Демир Хисар.

Дафина Стојановска, досегашна пратеничка на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде носител на листата во изборната единица шест. Таа по потекло е од Гостивар, а по професија е медицински работник, односно стоматолог почитуван од своите сограѓани. Таа важеше за еден од најгласните пратеници на ВМРО-ДПМНЕ во актуелниот пратенички состав, секогаш спремна за арументирана дебата во медиумите, но и од собраниската говорница.

-Дафина Стојаноска е пратеник во Собранието на Република Македонија од 2014 година. Стојаноска е дипломиран стоматолог и работела како матичен стоматолог во родниот град во период од 2001 до 2008 година, од 2008 до 2016 година е вработена во ФЗОМ во Гостивар. Стојаноска е секретар на ОК на ВМРО-ДПМНЕ Гостивар во период од 2012 до 2015 година, претседател е на ОИШ во Гостивар за предвремените парламентарни избори во 2016 година. Во 2015 година е избрана за член на ИК на ВМРО-ДПМНЕ функција која ја извршува до 2017 година, повторно е избрана за член на ИК во 2018 година. Таа говори англиски, француски, албански и српски.

**Во изборната единица број 6, Централниот комитет ја утврди следнава листа на кандидати за пратеници:**

1. Дафина Стојаноска од Гостивар,
2. Александар Велјановски од Тетово,
3. Фуркан Чако од Гостивар,
4. Стојан Тодоровски од Брвеница,
5. Јасминка Богдановска од Теарце
6. коалиција,
7. Анита Бошковска Јовановска од Тетово,
8. Милан Јовановски од Гостивар,
9. Никола Крстовски од Јегуновце,
10. Верица Зафировска од Теарце,
11. Бране Стојчевски од Брвеница,
12. Станислав Бојчевски од Тетово,
13. Татјана Каранфиловска од Гостивар,
14. Татјана Стојановска од Јегуновце,
15. Александар Гиновски од Теарце,
16. Стојан Стрезовски од Гостивар,
17. Валентина Стефановска од Тетово,
18. Костадин Гогов од Тетово,
19. Маја Зафировска од Брвеница и
20. Биљана Тошевска од Јегуновце.

https://lider.com.mk/makedonija/site-kandidati-za-pratenici-na-vmro-dpmne-nad-95-se-novi-iminja-na-listite/